ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun: 2340009-1100038804

Урброј: ЗМ -20-1/2004
Загреб, 29.05.2004.

# З А П И С Н И К

од **ПРВАТА седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **29.05.2004. год.** со почеток во 11,10 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

**Присутни**: С. Сагадин - МКД К. Рацин - Пула -претседателка на Заедницата, И. Христодулов -МКД Илинден- Риека, М. Мајиќ (по полномоштво на претседателката) -МКД Биљана- Задар, Ј. Цветичанин - МКД Б. Миладиновци- Осиек, М. Гиговски -МКД К. Мисирков-Загреб, Н. Гроздановски - секретар на Заедницата и А. Рабузин - административна секретарка на Заедницата.
**Отсутни:** В. Апостолски - МКД Македонија- Сплит (кој по телефон го оправда своето отсуство).
**Гости:** М. Апостоловска, Б. Павловски, М.Паризоски, А. Штефанчиќ и Б. Штерјов.

На почетокот присутните ги поздрави претходниот претседател на Заедницата - И. Христодулов кој посака успешна работа на Управниот одбор во новиот состав, на чело со новата претседателка - С. Сагадин.
Седницата ја водеше претседателката на Заедницата и претседателка на Управниот одбор на Заедницата - С. Сагадин која најпрво ги повика присутните на минута молчење во почит на преминатиот наш член во Советот за нац. малц. -Т. Зојчески. Потоа ги прочита пристигнатите телеграми на сочуство и извести дека од страна на Заедн. е испратена телеграма на сочуство до фамилијата Зојчески, во Вечерњи лист е даден последен поздрав, на одарот на починатиот е положен цветен аранжман и во име на Заедн. од починатиот пригоден говор прочита Н. Гроздановски.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, претседателката нагласи дека дневниот ред за оваа седница е многу обимен, затоа ги замоли присутните да бидат експедитивни и предложи во записникот да се пишуваат само одлуките, што присутните го прифатија. Го прочита предложениот дн. ред со надополнување на истиот да точ. 2. биде: Разгледување на пристигнатите документи од Советот и донесување на одлуки по истите, и на тој начин дн. ред да има 10 точки.
По спроведената дискусија со јавно гласање, членовите на УО **едногласно го прифатија предлогот на претседат.** и седницата ја продолжи работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 20-сетата седница.
2. Разгледување на пристигнатите документи од Советот и донесување на одлуки по истите.

3. Анализа на активностите од претходната седница до денес:
   - реализирани трошкови за одржаната изборна седница на Собранието на Заедницата,

- извештај за реализир. програми во оваа год. за секое друштво посебно и др.
4. Донесување на одлуки за именовање на секретар на Заедницата (реизбор).
5. Донесување на одлука за именовање на административен секретар -ка на Заедн.
6. Донесување на одлука за именовање на други лица за застапување на Заедн.
7. Донасување на одлука за именовање на главен уредник и членови на редакцискиот одбор на списанието Македонски глас и одлука за склопување на договор со печатница за понатамошно печатење на списанието.
8. Донесување на одлука за склопување на договор за користење на просторот на Заедницата и реализација на режиските трошкови.
9. Договор за реализација на понатамошните програми на Заедн.
10. Разно.

**Ад. 1**. По завршената дискусија членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија записникот** од 20-сетата седница на УО.

**Ад. 2.** За сите пристигнати документи од Советот (поделени на сите членови пред почетокот на седницата) извести и образложи А. Рабузин:
1. Барање на Советот да се достават Статутот на Заедницата и записникот од Собранието, што е и направено, 2. Информација за пристигнатите средства за 4 месец, 3. Извадок од Одлуката за средствата за 2004. год. и 4. Уговор (во 3 примероци) за предвидените средства за 2004. год. (вкупно 451.000 кн) -прилози. Претседателката образложи дека тој Уговор треба да се потпише од наша страна, што со **јавно гласање на членовите е донесена едногласна одлука за тоа.**

**Ад. 3.** За реализирани активности и извршени работи извести А. Рабузин:
-извршена е примопредаја помеѓу И. Христодулов и С. Сагадин -прилог,
-информација дека И. Качуров до денес не го вратил мобилниот тел. на Заедницата,
- реализирани се сите трошкови за одржаното Собрание, вкупно 10.085,51 кн -прил.,
-предадени се сите документи за регистрација на промените во Лок. упр. и самоуправа и се чека Решение,
-реализирани се преостанатите трошкови за книгата *Калинка*,
- исто и трошк. за Мак. глас бр. 37 освен хонорарот за лектура за Б. Јовановски - по расправата **УО донесе едногласна одлука и тоа да се реализира**,
- наместо исплата на хонорар на О. Бојаџиски на негово барање, а по договор, предадени се 6 книги *Прометеји македонски*,
- испратен е допис до Еванг. теолошки факултет во Осиек за купување на 30 книги *Хрв.-макед. односи низ векови* за вкупно 1.500 кн **-одлука на УО да биде на износ од 900 кн.**,
-предадени се потребните 9 примероци од книгата *Калинка* и јавено за искористените ИСБН броеви - за Свеучилишна библиотека,
- направена е размена на 50 книги *Калинка* со 50 книги *Трамонтана*,
- на сите друштва се предадени по 5 книги од горе спомнатите,
**- УО донесе одлука да се превземат 450 кн од Хрв.-мак. друштво за продадените 15 книги, преостанатите 35 да ги задржи тоа друштво, а во замена за нив од истото друштво да се достават 22 книги *Возникнување во сонцето* од кои по 2 книги на секое наше друштво, а останатите за Заедницата.**
- за прилогот во списанието *Идентитет* на Српскиот демократски совет, а за Заедницата, извести Н. Гроздановски-прилог,
- за соработката со другите малцинства и за понудата за учеството во радио емисија на малцинствата во Осиек извести и Ј. Цветичанин.

**Ад.4.** Секретарот на Заедницата Н. Гроздановски образложи од кои причини понатаму не би можел да ги врши тие задачи, а истакна дека и понатаму стои на располагање. По распавата **УО едногласно ги донесе следниве одлуки:**

**а) се разрешува Никола Гроздановски од функцијата секретар на Заедн.,**
**б) се именува Анка Рабузин за секретарка на Заедн.,**
**ц) овие одлуке стапуваат на сила со денот на донесувањето.**

**Ад.5.** Админ. секретарка на Заедницата образложи дека понатаму не може да ги врши тие работи бидејќи се вработила во Советот на макед. нац. малцинство за Град Загреб (со регулиран работен стаж). По расправата **УО едногласно ги донесе следниве одлуки:**

**а) се разрешува А. Рабузин од раб. место - адм. секретарка на Заедн.,**
**б) се именува Антоанета Штефанчиќ за админист. секретарка на Заед.,**
**ц) овие одлуки стапуваат на сила од 01.06.2004.**
**д) хонорарот за одмин. секретарка останува и понатаму 1.500 кн месечно за 4 саата дневно работно време и по месечен** Ugovor o djelu,
**е) се задолжуваат претседателката и секретарката на Заедн. да ги испитаат можностите за поголем хонорар и можеби вработување со стаж за админ. секретарка.**
**ф) на А. Рабузин да се исплати однократен износ од 1.500 кн како награда за досегашните извршени работи (програми, извештаи, припрема на култ. манифестации) и придонес за Заедницата.**

**Ад.6.** Заради настанатите промени во раководството на Заедницата, по расправата и информацијата на М. Гиговски дека во тек е решавањето на жалбата поднесена заради негативното Решение за регистрација на промените во МКД. К. Мисирков, **УО едногласно ги донесе следниве одлуки:**

**а) се именува секретарката А. Рабузин за претставување на Заедницата,**
**б) оваа одлука стапува на сила од денот на донесуванјето,**
**ц) по добивањето на Решението за регистрација на промените во Заедницата, да се поднесе барање за верификација на потписниците (претседателка, двајца потпретседатели и секретарка = поединечно),**
d) **се разрешуваат Никола Гроздановски и Анастас Оџаklieski** od obvrskata - potpisnici na finansiskata dokumentacija za Zaedn.,
**е) Одлуката под д) стапува на сила со денот на донесувањето, одн. по верификацијата на новите потписници.**
ф) **се формира Стручно работна група со задача да придонесе во квалитетното претставување и во програмските активности на Заедн., и тоа во следниот состав: Б. Павловски, Н. Гроздановски, Ј. Кениг,** MARKO PARIZOSKI, **М. Апостоловска, Б. Прошев Оливер и М. Гиговски -координатор.**

**Ад.7.** По расправата за предлозите и примените понуди од печатниците, **УО ги донесе следниве одлуки:**

**а) се именува Марина Апостоловска за главна уредничка на спис. Мак. глас, со хонорар од 1.500 кн по број,**

**б) се именува редакц. одбор на списнието во след. состав на дописниците: М. Паризоски, Загреб, Б. Јањиќ, Осиек, Р. Димовски, Пула, В. Настески, Риека, А. Плазониќ, Сплит и М. Мајиќ, Задар,**
**ц) се именува Сашо Дисоски за компјутерска обработка,**
**д) се именува А. Штефанчиќ за лектура,**
**е) се именува А. Рабузин за секретарка на списанието,**
**ф) за струч. текстови во М. гл. да пишуваат Б. Павловски и Б. Прошев,**
**г) да се склучи договор за печатење на спис. со печ. Нонтарел д.о.о.,**
**х) да се печати по 700 примероци по број,**
**и) до крајот на оваа год. да се отпечатат уште 3 броја и како петти да биде алманах.**

**Ад.8.** По расправата (прилог), **УО ги донесе следниве одлуки:**
**а) ќе се склучи договор помеѓу корисниците на просторот во Заедницата со сите потребни податоци,**
**б) режиските трошкови од 01.07.2004. ќе ги плаќаат: Заедницата =40 %, МКД К. Мисирков =40% и МПЦ (МПЦО Св. З. Мегленска) =20%,**
**а) на рачун на Заедн. ќе се промени бравата од влезната врата,**
**б) ќе се направи писмена потврда со потпис на лицата кои се задолжуват за користење на клучевите,**
**ц) обврската за чистењето на заедничките простории со сите потребни трошкови ќе оди по следниов редослед: од 6-10 месец оваа год. преку Заедницата, наредните 5 месеци преку МКД К. Мисирков, понатаму наредните 5 месеци преку Црквата и тн.**
**д) од 01.07.2004. ќе се промени бравата на вратата од канцеларијата на Заедн. и од тогаш се одделуваат и трошковите за копирање и телефон (друштвото треба да си набави свој телефон).**
**е) МПЦ ќе ја изврши својата обврска овие денови -поправка на звоното.**

**Ад. 9. 1.** По расправата и разгледувањето на дописот од Советот -прилог, **УО донесе одлука: сите друштва тромесечните извештаи да ги достават до Заедницата до 05.06.2004. и истите да бидат предадени во бараниот рок.**
**2.** По разгледувањето на документот за средствата за програмите во оваа година и расправата, **УО донесе одлука: прославата на Илинден да биде на 31.јули со предвидените средства, а организатор е МКД Илинден.**
**3.** За планираната изложба **друштвата да достават до Заедницата попис на имињата на авторите до крајот на јуни.**
**4.** Да се **крене со издавачката дејност по припремените проекти.**
**5.** За култ. ман. Б. Миладиновци која ќе се одржи од 17-19 јуни образложи Ј. Цветичанин и **УО донесе одлука да преку Заедн. за таа маниф. бидат покриени трошкови во висина од 5.000 кн, да на маниф. во име на Заедн. присуствуваат: претседателката, М. Паризоски и И. Христодулов.**
**6.** По расправата, **УО донесе одлука: се предложува М. Паризоски за член во Советот за н. м., таа одлука да се достави до Советот на м. м во Загреб.**
**7.** И. Христодулов ги информира присутните дека **тој е избран за член во Пододборот за човекови права и права на нац. малцинста .**
Седницата заврши во 14,40 часот.

Записничарка: Анка Рабузин

Претседателка: Славица Сагадин

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ